# Карпош ИН

**Јануари 2019** | Бр. 70 | Година 10



## СПАС ЗА ПАРТИЗАН









**Средба Богоев – Ргиќ**

# РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА

Општина Карпош и Општина Нова Градишка ги отворија вратите за поголема и подлабока соработка. На 19-ти јануари Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев беше домаќин на пријателска, но и работна средба со делегацијата од овој град во Република Хрватска предводена од градоначалникот на Нова Градишка, Винко Гргиќ.

На средбата се разговараше за актуелните случувања во општините, но и за облиците на подлабока соработка меѓу локалните самоуправи.

На оваа средба претходеше склучувањето на трилатерален меморандум за соработка меѓу Општина Карпош – Општина Крушево – Општина Нова Градишка, на која општините се обврзаа на поголема соработка во областа на образованието, културата, туризмот и спортот.

Градоначалникот Богоев ги запозна гостите со политичкиот систем во Република Македонија, начинот на кој се избираат носителите на јавна функција, но и со актуелните проблеми во Карпош и во главниот град Скопје: јавната хигиена, загадениот воздух и урбанистичкото планирање.

Градоначалникот Гргиќ го понуди своето искуство како Хрватска на многу ефикасен начин го решила прашањето со отпадот. Сите граѓани кои го селектираат отпадот добиваат повратни средства од државата и ова, на буквален начин, ја „исчисти" нашата држава, рече Гргиќ.

Се зборуваше и за клучните проекти во Карпош, како што е изведбата на новиот парк кој во најголем дел ќе се гради со неповратни средства од Европската Унија. Европските фондови помогнале многу и на Нова Градишка, во нејзиниот развој и подобрување на квалитетот на живот.

Една од главните причини за оваа посета е и одржувањето на Меморијалниот турнир во мал фудбал во чест на нашата музичка легенда Тоше Проески, а со оваа најнова соработка сме сведоци дека Тоше сеуште поврзува различни култури и држави.

На средбата присуствуваше и претседателот на Совет на Општина Карпош, Андреј Манолев, како и Борислав Видошиќ, заменик градоначалник на Нова Градишка, Влатко Греинер – советник во Градскиот совет во Нова Градишка и Далибор Марковиќ – претседател на Економскиот совет во Нова Градишка.



**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на локалната самоуправа

**Издава Општина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Одговорен за Фотографија**
Амел Амед

**Фотографија**
Игор Ѓуровски
Ива Манова - Зафировска

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

6 **ВИЗИЈА 2019:** Проекти за сите категории на граѓани

14 **ПАРК,** рекреација и многу адреналин

16 Битка за **СПАС НА ПАРТИЗАН**

18 Карпош и Богоев **- ЛИДЕРИ ВО САЈБЕР КОМУНИКАЦИЈА**

20 Нов стратешки документ за екологија **ЛЕАП 2019-2024**

22 Еко-автомобили за **ЗЕЛЕНИ УЛИЦИ**

24 **БОГОЈАВЛЕНИЕ** -Водици и Св.Атанасиј традиционално одбележани во Карпош

25 **НОВИ МЕРКИ** за поголема хигиена во Карпош

26 Првиот македонски рагби тим **WILD BOARS:** Диви во срцето

28 **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** за лекување на наша сограѓанка

29 Локалната самоуправа **ЕФЕКТИВНО СЕ СПРАВУВА СО СНЕГОТ**

30 Истражување: **НАД 55% ОД ГРАЃАНИТЕ** и веруваат на локалната власт

32 **ТОШЕ** го обединува Балканот и преку спорт

34 Карпошови ученици на **СКИ ОБУКА ВО РАЗЛОГ**

35 Фото натпревар **#КарпошЗиме**

36 Чиста десетка за **7 - ца**

38 **АКАЦИЈА** - репер за успешен локален бизнис

40 Доц. д – р Билјана Чонеска – Јованова: **АНЕМИЈА ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ**

ISSN 2545-482X
9 771857 675000

# **МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА** ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ




**„мЗаедница“** е интерактивна платформа, составена од веб страница и мобилна апликација која на граѓаните на општина Карпош им овозможува преку користење на своите мобилни телефони да комуницираат и да влијаат врз активностите кои ги презема општината.

Апликација на граѓаните им овозможува трицак ии:

**ПРИЈАВИ** - да пријават проблем директно до соодветниот сектор во општината

**ПРЕДЛОЖИ** - да предложат своја идеја за уарб нистичко решение

**ПОКРЕНИ** - да покренат иницијатива и промовираат граѓански активизам




Граѓаните на општина Карпош можат да ја искористат апликацијата мЗаедница за:

- да комуницираат со општината брзо и ефикасно користејќи ги мобилните телефони
- да се вклучат во акциите за подобрување на животот во општината
- да ги поддржат акциите на сограѓаните
- да бидат информирани за сите тековни акции на сограѓаните и општината

За брза и директна комуникација со општината потребни се неколку чекори:

1. Одбери акција
2. Прикачи фотографија
3. Одбери категорија и поткатегорија (сектор и одделение)
4. Постави локација
5. Внеси коментар
6. Сподели го на социјалните медиуми





# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

## 1

Го испративме јануари, за многумина еден од најдолгите месеци во годината. Голем број на празнични мигови, моменти кога се среќаваме со најблиските, си разменуваме подароци, посакуваме желби... Изминатиов период имав повеќе гостувања во утринските емисии на нашите телевизии, при што многумина ме прашуваа за фактот како „Општината во која живеат највозрасни жители го има најмладиот градоначалник“? Спојот на млади и повозрасни секогаш е можен, нормално, ако се базира на искреност, квалитет и разбирање.

## 2

Токму со проекти за нашите највозрасни сограѓани – пензионерите ја започнуваме оваа година. Во последна фаза е опремувањето на новиот пензионерски клуб во Влае. Сакаме да создадеме повеќе катчиња и локации за дружење, разговор, социјализација на пензионерите. Но, овие клубови ќе бидат поразлични, со нови содржини и со програма за нашите баби и дедовци. Предвидуваме да ги опремиме со различни друштвени игри, шах, табла и слично, но и да организираме работилници за изработка на ракотворби. Пензионерите на Карпош заслужуваат нов концепт, повеќе внимание и грижа. Општината тоа значително ќе го овозможи и со хуманите патроли – здравствени посети во домовите на пензионерите, завршување на некоја дневна работа и пружање нега.

## 3

Евоцирањето спомени најчесто го правиме со највозрасните. Но, она што буди убави спомени и сеќавања за нашиот Карпош е и култната спортска сала „Партизан“. Култен споменик на спортот кој за жал денеска пропаѓа. Решивме на ова да ставиме точка и да не бидеме неми набљудувачи на руинирањето. Започнавме иницијатива и постапка за спас и обнова на Партизан. Ова место повторно да биде простор за спорт и рекреација. Ќе успееме!

## 4

Во процесот на креирање политики, сакам да се водам од релевантни и точни податоци за вистинските потреби на граѓаните. За таа цел, во овој број имате можност да прочитате анкета за довербата во локалната самоуправа, но и за клучните проблеми на локално ниво. Намалувањето на загадувањето и повисок степен на јавна хигиена се меѓу нашите приоритети. За таа цел, донесовме и нов Локален еколошки акциски план (ЛЕАП) кој предвидува стратешки пристап на полето на екологијата, конкретни препораки и политики за намалување на загадувањето, поттикнување на сите чинители да водат сметка за здрава и чиста животна средина.

## 5

Оваа година, по долго време, снегот не нè изненади. Со добра организација и навремено присуство на терен покажавме дека Општината може да биде вистински сервис на граѓаните. Сакам искрено да се заблагодарам до нашите хигиеничари – дел од комуналните служби. Овие луѓе, од оваа година, ќе работат и во сабота (со што им се намалува по еден работен час во текот на работната недела), а во недела воведовме дежурни служби со цел да имаме почист Карпош. Сепак, одговорноста ја носиме сите. Само заедно, сите чинители: граѓани, компании, здруженија и организации, можеме да се избориме за подобра средина.

Ајде 2019 да помине во знакот на зеленото, урбаното и прогресивното!

Искрено Ваш,
Стефан Богоев

**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

**ЗЕЛЕНО, УРБАНО И ПРОГРЕСИВНО**

# ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

Претстојната година е период кога ќе покажеме дека Карпош оди напред, се развива во повеќе области од општественото живеење. Таа е урбана општина каде што најголемиот број од комунално – инфраструктурните проблеми се решени, иако и тековно правиме зафати и обнови.

Карпошани очекуваат и сакаат повеќе. Па, така локалната власт ќе работи на подигнување на квалитетот на живот во повеќе сфери, со проекти за сите категории на граѓани: повозрасните, младите, средновечните луѓе, приватниот сектор, граѓанските организации.

Визијата за 2019 година се базира на реални и остварливи проекти за кои веќе ја водиме постапката на нивна реализација. Станува збор за проекти во чие креирање се вклучени и консултирани повеќе страни.

## ПОЧЕТОК НА ИЗВЕДБА НА ГОЛЕМИОТ **ПАРК ВО КАРПОШ**




Општина Карпош наскоро започнува со теренските активности за изведба на паркот од Вештачката карпа до бунарите на реката Лепенец, долж Кејот на Вардар. Имено, локалната самоуправа доби грант – неповратни средства од Светска банка за изградба на една од најатрактивните зони за спорт и рекреација во Скопје. Паркот ќе содржи адреналински содржини, многу ново зеленило и соодветна урбана опрема. Целта е целосно да се оплемени овој потег кој сега е запуштен.



## **ХУМАНИ ПАТРОЛИ** ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Подаваме рака на највозрасна категорија наши сограѓани – пензионерите. Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош веќе го подготвува проектот за домашни посети на изнемоштените стари лица, повозрасни луѓе со попреченост, со цел да им се пружи поголема здравствена заштита и да придонесеме во продолжување на животниот век. Во рамки на овој проект градоначалникот Богоев ќе има и повеќе средби низ пензионерските клубови и со здруженијата на пензионери.

## ИЗГРАДБА НА ПРВИОТ **РЕОНСКИ БАЗЕН** ВО ДВОРОТ НА **ООУ ЈАН АМОС КОМЕНСКИ**

Во соработка со Агенцијата за млади и спорт започнуваме со изведба на првиот затворен реонски базен во Карпош, со училишни димензии. Овој базен ќе можат да го користат учениците од основното училиште, за време на часовите по физичко образование, но исто така ќе се користи и во попладневните часови од страна на пливачки клубови, за рекреативни цели на граѓаните од околните населби. За изградбата на овој базен, Општината спроведе анкета со родителите на учениците од ООУ „Јан Амос Коменски“, во која тие дадоа „зелено светло“ за овој капитален проект.






# ПРАВИЛНО **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

Општина Карпош одвои 2 милиони денари за Градот Скопје, преку кој ќе се набават нови хидраулични контејнери за собирање на отпадот. Примарната цел е повеќе да немаме контејнери полни со отпад на главните сообраќајници и булевари, од каде што истото се расфрла низ населбите. Исто така, локалната самоуправа ќе постави и десетици нови корпи за ситен – џебен отпад, внатрешно низ населбите во Карпош.

# НОВИ ДРВЈА ЗА **ЗЕЛЕН КАРПОШ**

Во првата половина од 2019 година ќе ја продолжиме зелената офанзива. Општината ќе засади стотици нови дрвја, внатрешно, низ населбите и долж сервисните улици. Станува збор за планско зголемување на зеленилото, оплеменување на запуштените јавни површини со нови садници кои значително влијаат на намалување на загадувањето на долг рок.






# **НОВА ГРАДИНКА** ВО БАРДОВЦИ

Во финална фаза е отворањето на новата градинка во Бардовци. Ова место во минатото делуваше отсечено од Карпош. Значително се подобрува инфраструктурата и условите за живот во Бардовци. Со новата градинка се овозможува родителите од Бардовци и Злокуќани да можат да ги згрижат своите деца на полесен начин, овозможувајќи им квалитетно предучилишно образование во близина на нивното место на живеење.

# ПОЧЕТОК НА **МОЈ КАРПОШ – МОЈА КАРТИЧКА**

Проектот кој го подготвувавме во изминатата година, наскоро ќе биде видлив за сите граѓани. Картичката за попусти и бенефиции во локалите во Карпош ќе можат да ја поседуваат жителите со наполнети 13 години. Оваа картичка ќе овозможи пониски цени или други придобивки во голем број кафулиња, продавници, ресторани, здравствени ординации, аптеки, со што ќе се придвижи економијата на локално ниво.




Ова се само дел од поголемите и позначајни проекти за 2019 година. Проекти кои ќе го подигнат квалитетот на живеење во нашата Општина и ќе придонесат кон решавање на некои од најголемите проблеми на граѓаните, мапирани преку секојдневната комуникација со карпошани.

**Димитар Караташев**

# ШТО МИСЛАТ **ГРАЃАНИТЕ ЗА ИДНИТЕ ПРОЕКТИ** НА ОПШТИНАТА?

**Трајан Николовски**



Задоволен сум од работата на општинската власт. Се што ќе се направи е одлично. Ми се допаѓа иницијативата за реконстурkција на спортската сала Партизан, зашто јас знам колку на времето беше користена, колку сме играле како деца во неа. Околу хигиената би можел да кажам дека прилично добро се одржува, но може и многу подобро. Јас живеам во близина на бараката на Општина Карпош, односно во близина на училиштето „Лазо Трповски" и сум презадоволен од зеленилото кое го има пред нашата зграда. Секогаш средено и со урбана опрема и е чисто. Одлично е.

**Драги Трпковски**



Јас имам една приказна околу данокот за дворовите којшто требаше да го платиме. Сета таа работа заврши, јас платив и се среди. Но, ме интересира како сето тоа може толку многу да чини, а местото е купено за многу малку пари. Неможеме да очекуваме да биде почисто, хигиената е тоа што е, и, поради временските услови. Слабо се чисти улицата Козле, јас тука живеам и гледам дека премалку ги има од комунална хигиена на Град Скопје. Има зеленило онолку колку што треба. Се е направено уште додека беше претходната власт па сега нема што да прави повеќе сегашниот градоначалник, навистина. Средено е.

**Јове Атанасов**



Просечно сум задоволен, гледам нешто се работи токму на местото кадешто јас живеам, но мојата улица со години стои неасфалтирана, тоа е улицата Атинска. Се надевам дека ќе биде и тоа. На Њу Делхиска има тротоари со бекатон но нема место каде да поминат пешаците, туку на тоа место ги паркираат возилата. Предлагам на вакви места, верувам ги има повеќе низ општината, треба да се стават столбчиња за да се регулира движењето на пешакот. Едниот дел кој е поширок е во ред да се користи за паркирање, но има и потесен дел кој треба да се користи за пешаци. Што се однесува до хигиената и не сум баш задоволен, не се чисти, зеленило нема нешто посебно, но, тоа е.

**Бисерка Митревска**



Многу сум задоволна од младиот градоначалник, нека продолжи така и понатаму, да имаме повеќе зеленило и почиста околина, тоа се моите препораки како жител на Општина Карпош. Секој иден проект кој е предвиден да се обнови, да се реконструира е одлична идеја, салата Партизан е одличен пример како треба да се подигне свеста кај граѓаните и старите објекти да се враќаат онака како што вибиле. Јас своите деца ги носев токму во таа сала. Сега искрено се надевам дека моите внуци ќе ги носам во истата сала. Ако успее градоначалникот да ја врати салата Партизан со сите реквизити, му честитам од срце.

## Томе Поповски



Одлична е работата сега за сега. Според мене. потребно е да се доасфалтираат уште некои улици, на пример оваа Карпошово востание до пола е средена - понатаму не. Потребно е да се поработи малку повеќе кај урбаната опрема, неопходно е да има повеќе мали корпи за отпадоци, клупи исто така. Имам забелешка околу паркингот, поточно, кога во Скопје Сити мол некогаш се случуваат големи настани и доаѓаат многу луѓе па паркираат на нашите места, ние, своите возила ги паркираме по неколку улици подолу иако живееме во близина на трговскиот. Во секој случај, мислам дека не е паметно да се воведе зонско паркирање, но, сепак, е потребно да се размисли и да се изнајде решение за тоа ние жителите на Карпош 3 да немаме натаму проблеми со паркирањето. Потребни ни се повеќе игралишта за деца, а постоечките да се реконструираат. Одлично е она со иницијативата за реконструкција на салата Партизан! Потребно е нешто такво за младите да имаат каде да играат и да се рекреираат.

## Нури Шерифи



Задоволен сум од работата на сегашната општинска власт. Предлагам да се направат парковите околу Лептокарија и во самиот трговски кадешто има простор, јас лично имам секојпат проблем кога обилно врне со шахтите кои се поставени во цела Лептокарија и којзнае од кога не се исчистени. Се затнуваат и само треба уште да влезе водата во мојот дуќан и да го поплави, до толку имам проблем. Затоа секој пат кога можам јас лично ги чистам за да не ми се случува тоа. Исто така потребна е урбана опрема, има, но нема доволно, а недостасува и зеленило. Снегот кога падна имаше екипа задолжена за чистење на снегот, беа доста ажурни и брзи. Инаку во секој случај делумно е добро но потребно е поголемо залагање во секој дел. За поздрав е реконструкција на салата Партизан, како и предвидените реновирања на градинки, градење паркови и се што е плус е одлично.

## Ристо Спировски



Делумно сум задоволен, зашто веќе подолго време не гледам некои активности низ Општината. Би предложил во делот каде што се фрлаат ѓубрињата на кејот на реката Вардар да се расчисти и да се израмни, да се среди, бидејќи таму хигиената не е на завидно ниво, што не е добро за секој од нас. Претходниот градоначалник дозволи на тоа место да се градат згради наместо нешто големо и убаво, на пример некој парк полн со зеленило. Делумно сум задоволен и од хигиената, зависи и од ЈП Комунална хигиена, но сметам дека многу голем дел од одговорноста имаме ние граѓаните за зачувување на околината во која живееме. Покрај контејнерите се фрла ѓубрето наместо внатре во нив, тоа е нашата култура. Спортската сала Партизан би требало да се направи и да се активира, бидејќи таа сала и тоа како се користеше, но потоа се запостави. Сепак е за поздрав реконструкцијата и тоа што ќе имаат каде младите да се рекреираат.

РЕАЛИЗИРАНИ

# КАРПОШ ПОВТОРНО **СУБВЕНЦИОНИРА** КУПУВАЊЕ НА **НОВИ ВЕЛОСИПЕДИ**

На последната седница на Советот на општина Карпош, советниците дадоа ***зелено светло*** за предлог – иницијативата за повторно субвенционирање при купување на нови велосипеди за карпошани. За оваа намена, локалната самоуправа обезбеди буџет од ***500.000 денари***, при што ќе субвенционира ***30%*** од вредноста на купениот нов велосипед, но најмногу до ***3.000 денари***. Акцијата започнува на ***1. февруари***, а ќе трае сé до исцрпување на предвидените средства.



# **ЧИСТЕЊЕ** НА СОБИРНИОТ КАНАЛ ВО НЕРЕЗИ

Комуналните служби на Општина Карпош го чистеа собирниот канал за атмосферски води во Нерези (над чешмите), со цел да се превенира евентуално надоаѓање на поголеми води од врнежи од дожд или од топење на снегот. Станува збор за канал кој при поголеми врнежи предизвикува сериозни проблеми долж улицата *Јуриј Гагарин* и во населбата Козле. Во оваа пригода, апелираме до сите граѓани да не фрлаат отпад во овие канали, бидејќи се отежнува протокот на атмосферската вода.



# ШТЕДЛИВИ **ЛЕД СВЕТИЛКИ** НА ***РИМСКА*** И ***ВЕСЕЛИН МАСЛЕША***

Општина Карпош постави ново осветлување долж улиците ***Римска*** (во урбаната заедница Владо Тасевски) и *Веселин Маслеша* (во урбаната заедница Карпош 2). Станува збор за штедливи лед светилки, кои ја зголемуваат безбедноста во населбите и овозможуваат полесно движење на сите учесници во сообраќајот. На улицата ***Римска*** беа поставени 11 столба со 12 лед светилки, со моќност од 30 вати, додека во Карпош 2, на ***Веселин Маслеша*** беа монтирани осум столба со осум лед светилки од по 30 вати. Локалната самоуправа продолжува со активностите за подобрување на целосната инфраструктура долж сервисните улици во Општината.



# **ЗАШТИТНИ ПРЕЧКИ** ПРЕД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

На иницијатива на Општина Карпош, беа поставени заштитни метални пречки пред влезовите на неколку основни училишта, кои излегуваат на попрометни улици. Станува збор за влезовите пред училиштата: ***Војдан Чернодрински (У.З Владо Тасевски), Јан Амос Коменски (У.З Тафталиџе 1), Владо Тасевски (У.З Козле) и Димо Хаџи Димов (У.З Влае).*** Целта на поставувањето на овие метални штитници е да се спречи директно истрчување на учениците на фреквентните улици. Во изминатиот период, Општината ја обнови и вертикалната и хоризонтална сигнализација пред детските установи - градинките и основните училишта. Локалната самоуправа воведе и ЗОНА 30 долж сервисните улици во Карпош 4, за да се зголеми безбедноста на децата и учениците од оваа населба.



# ПАРК, РЕКРЕАЦИЈА И **МНОГУ АДРЕНАЛИН**



**Чекор по чекор Карпош ја добива битката „ЗА“ зеленило. На местатата кои до скоро беа запуштени диви депонии, наскоро „ќе никне“ голем парк. Токму наспроти Карпош 4, од Вештачката карпа до бунарите на реката Лепенец, долж Кејот на Вардар, а ќе го опфати и амфитеатарот.**

Тоа беше едно од клучните ветувања на градоначалникот Стефан Богоев во неговата Програма за локалните избори 2017 на кое цврсто опстојува. Зеленилото во Карпош мора да се врати „на голема врата“, а големиот парк е токму тоа. Она што претставува најголема атракција е Адреналинскиот парк во рамки на овој голем проект, кој во себе ќе има различни содржини: игралиште за фудбал и одбојка на песок со монтажни трибини, парк со детски содржини (детско катче), сквер, нова урбана опрема долж паркот и сериозна обнова и засадување на ново зеленило.

Адреналинскиот дел ќе се состои од една централна куќа (база) и од 14 до 18 станици по кои ќе се стигнува со јажиња и буриња. Всушност целиот овој дел ќе асоцира на една игра и освојување на нивоа. Адреналинскиот парк ќе има дел за деца до и над 13 години. Она што најмногу го кредва адреналинот „зиплајнот“ во должина од 400 метри кој би се движел по периметарот на паркот, ќе изостане како атракција, бидејќи во нашата земја нема институција која може да ја гарантира статиката и безбедноста на ваков вид содржина. Но, затоа пак, ќе има се друго, на општо









задоволство на жителите на Карпош од сите возрасти. Овој парк ќе се изведува на површина која е од јавен карактер (најголемиот дел во сопственост на Република Македонија) што претпоставува дека нема да има имотно правни спорови, односно ќе овозможи побрза реализација.

Покрај адреналинскиот дел, ќе има и други различни содржини за сите возрасти. За најмладите ќе има детски сквер со лулашки и клацкалки и голем простор за игра. Ќе има и игралиште за фудбал и одбојка на песок со монтажни трибини. Фудбалското игралиште на песок ќе биде со димензии 39 на 35,5 метри, а одбојкарското игралиште со 18,5 на 26 метри. Двете игралишта ќе имаат и трибини во четири реда. Ќе се изгради и нов сквер кој ќе се простира на 140 квадратни метри. По целата должина на кејот ќе се постави нова урбана опрема, а Општината ќе работи на создавање на многу ново зеленило, на површина од околу 4.000 квадратни метри.

Секторот за развој при Општина Карпош изминатата година го подготви овој проект и со него аплицираше за добивање на средства од Европската Унија за негова реализација. Дел од средствата за проектот ги доделува Европската Унија, а имплементатор на проектот е Светска банка.

Проектот е одобрен и ќе се доделат околу 760.000 евра грант - неповратни средства за овој капитален проект, а Карпош ќе учествува со околу 135.000 евра, средства од Буџетот на Општината.

Целта е кејот на Вардар на овој потег да понуди содржини за сите генерации. Тоа подразбира спортски зони за младите и за спортистите, рекреативни зони со многу зеленило за повозрасните и забава за најмладите. Ќе има и мини-езерца, фонтани, патеки за пешачење, модерна урбана опрема, паркови за миленици.

Во рамките на новиот парк целосно ќе се реконструираат и вештачката карпа и скејт-паркот, кои на посетителите ќе им понудат поинакви и побогати содржини.

Почетокот на изградбата се очекува да биде веќе оваа пролет.

**Виолета Цветковска**





**ЕНТУЗИЈАЗМОТ ПОСИЛЕН ОД НЕГРИЖАТА**

# БИТКА ЗА *СПАС НА ПАРТИЗАН*

Пишува: **Димитар Караташев**



Денеска имаме нови споменици, но малку функционални култни објекти кои веродостојно сведочат за нашето минато. Еден таков спортски „споменик“ претставуваше објектот на салата Наум Наумовски – Борче“ (Партизан), лоцирана на границата меѓу Карпош 3 и Карпош 4. Скршените кошови и распаднатите штици нè потсетуваат дека сепак имало убави моменти кога во оваа сала тренирале голем број на наши шампиони, таленти, истакнати спортисти. Мувлосаните ѕидови, колку и да се сега грди, како да сакаат да се спротистават , да го вратат времето, да проговорат за солидарноста што францускиот народ ја покажал кон Скопје по катастрофалниот земјотрес и во 1969 – та, годината кога е изградена оваа сала како донација на Владата на Франција.

Но, објектот денеска не потсеќа и на општествената и институционална



негрижа, на големиот број лавиринти во нашиот систем, кога „Партизан“ е даден под концесија. Но, наместо на тој начин да заживее, управувањето со објектот преминало во пропаѓање, и овој, некогаш култен спортски центар беше препуштен **на заботот на времето.**

## ВРТИМЕ **НОВА СТРАНИЦА**

Сепак, неодамна, на задоволство на големиот број на граѓани, спортски работници и рекреативци, Општина Карпош започна иницијатива за спас и обнова на „Партизан“. Во буквална смисла на зборот потребен е спас на спортскиот центар кој претставуваше еден од најрепрезентативните спортски објекти на национално ниво. Градоначалникот Стефан Богоев, заедно со претставници од други засегнати институции (Владата, Агенција за млади и спорт, ЈП за стопанисување со спортски објекти) цврсто се заложија за ревитализирање на овој објект. Се разбира, кон тоа ќе се пристапи веднаш штом претходно ќе заврши правно – административната постапка за раскинување на Договорот за концесија.

„Партизан“ поврзува повеќе генерации и буди емоции кај различни категории на граѓани. Не случајно, за оваа сала, пред неколку години се покрена и граѓанска иницијатива, преку која жителите од околните населби собираа потписи за спас на објектот.

За жал, искуството сведочи дека голем број од спортските и културни објекти низ државата со намера биле запуштени и оставени да пропаѓаат. „Партизан“ е токму таков пример. А, оправдано се јавија сомнежи и за овој простор: Дали „Партизан“ ќе се претвори во уште една, нова висококатница?

## САЛАТА ПАРТИЗАН ОСТАНУВА СО **НАМЕНА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

Нема потреба од стравувања и шпекулации. Локалната самоуправа цврсто ќе опстои на ставот овој простор да го врати стариот сјај, „Партизан“ да биде во ново руво, да претставува современ центар за спорт и рекреација, седиште на голем број на спортски клубови, спортски работници, отворен за граѓаните.

Оваа сала може да биде мултифункционална и во Карпош да постои уште еден спортски центар, сличен на веќе познатиот СЦ „Борис Трајковски“.

## КАРПОШ ИСПРАТИ ИНФОРМАЦИЈА ДО ВЛАДАТА ЗА ПАРТИЗАН

Градоначалникот Стефан Богоев испрати Информација до Владата на Република Македонија за актуелните состојби на спортската сала „Партизан“ и потребата да се врати објектот во владение на локалната самоуправа. Оваа Информација содржи и аспекти за ревитализација на објектот, план за стопанисување, извод од Деталниот урбанистички план за овој потег кој ја потврдува намената на просторот Д3 – намена за спорт и рекреација. Радува фактот што сите институции од областа на развојот на спортот покажаа волја и цврста заложба за обнова на оваа култна сала.

## *КАКО РЕАГИРА ГРАЃАНИТЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СПАС И ОБНОВА НА ПАРТИЗАН?*

***„Изненадувачки убава и радосна вест. Браво, ова е за вистинска пофалба“***, вели Слободан Георгиевски – Facebook.

***„Не само да го обновите, туку и да се понесе одговорност за тоа кој го запушти објектот“***, посочува Миле Дрогомански – Facebook.

***„Браво! Култна сала е Партизан. Нека остане и името исто, сите ние така ја паметиме“,*** коментира @juvesnake – Twitter.

***„Многу млади таму пораснаа. Не се враќа тоа време, на големо другарство и здрав живот“***, пишува Сафет Муриќ – Facebook.

# КАРПОШ И БОГОЕВ **- ЛИДЕРИ ВО САЈБЕР КОМУНИКАЦИЈА**

**Една независна, надворешна анализа за активноста на градоначалниците на социјалните мрежи покажа дека Општина Карпош и градоначалникот Стефан Богоев, во изминатата 2018 година биле единствените кои биле активни на сите online платформи.**

**О**ва подразбира дека локалната самоуправа и градоначалникот Богоев за своите активности постојано ги информирале граѓаните преку социјалните мрежи: Facebook, Twitter и Instagram, како и преку официјалната веб страна и официјалните е – mail адреси. Анализата за активноста на градоначалниците на социјалните мрежи ги опфати сите општиниво државата, 81 на број, во периодот од 15 до 30 декември 2018 година, а беше спроведена од Бојан Кордалов, специјалист за односи со јавност и нови медиуми. Според добиените показатели, тоа што Карпош и нејзиниот градоначалник ги прави поразлични од другите е двонасочната комуникација со граѓаните, која постојано се унапредува, покрај другото и со воведување на нови комуникациски платформи, односно нови канали на комуникација. На тој начин, граѓаните, корисници на социјалните мрежи, на брз и едноставен начин можат да добијат одговор на поставено прашања или проблеми кои ги засегаат, директно од градоначалникот или од ПР Одделението при Општината.

Ваквата комуникациска практика Кордалов, од стручен аспект, ја оценува како успешна и добар пример во ПР праксата:

- Потребата од отворена комуникација на носителите на јавни функции е првенствено во интерес на самите граѓани, а го означува и степенот на транспарентност и отчетност на власта. Само општините и градоначалниците кои имаат професионални тимови за односи со јавност можат да се пофалат дека се

секогаш достапни за новинарите, како и за давање на брзи и корисни одговори на граѓаните преку социјалните медиуми.

Единиците на локална самоуправа се најосновниот облик на организирање на власта и затоа, во случајов, нема изгово-ри кои може да го оправдаат некористењето на социјалните мрежи како Фејсбук, Твитер, Инстаграм од страна на градоначалниците, општините и секој советник поединечно.

Како личности, носителите на јавни функции може да се корисници или да не се корисници на социјалните мрежи, но, како градоначалници или советници, немаат избор. Нивна должност, а и примарна обврска на нивните дигитални тимови, е да комуницираат двонасочно со секој заинтересиран граѓанин кој сака да постави прашање, да даде предлог или критика. Потсетувам дека секој од нив е платен од парите на даночните обврзници, односно од данокот кој го плаќаат граѓаните и компаниите. Од тие причини, мора да сфатат дека нивна обврска е брзо и ефикасно да одговорат на секој коментар и прашање упатено од медиумските работници и граѓаните преку социјалните мрежи, коментира Кордалов.

Инаку, Анализата покажа дека 79 од вкупно 81 градоначалник се активни на Facebook. Само 7 градоначалници се присутни на социјалната мрежа Twitter, а Инстаграм-от го користат 26 градоначалници.

Ваквите резултати се само поттик Општина Карпош и градоначалникот Богоев да продолжат да негуваат отворена и транспарантна комуникација со сите јавности. Во меѓувреме, локалната самоуправа работи на подготовка на нова веб страница којашто дополнително ќе ја олесни комуникацијата на карпошани со локалната власт.

**Виолета Цветковска**






**НОВ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ ЗА ЕКОЛОГИЈА 2019-2024**

# ЗА **ЗЕЛЕН И ЗДРАВ** КАРПОШ

Со едукативната изложба на електрични автомобили, тест возење со електричен автомобил, на Локалниот еколошки акционен план, ЛЕАП-2 за Општина Карпош, за наредните шест години, односно за периодот 2019-2024, доби „виза“ од Советот на Општина Карпош откако претходно беше усвоен и од Локалниот комитет за изработка на овој план. По неговото усвојување, ќе се пристапи кон изработка на годишни акциони планови (за секоја година посебно) се додека се „исцрпи“ важноста на овој стратешки документ на локалната самоуправа.




**О**вој студиозен документ, освен експертска анализа и проекција, преку анкета, ги сублимираше и проблемите кои според граѓаните на Карпош се најгоречки и кои со локалниот еколошки акциски план во следните шест години треба да се решат.

**Што ги мачи карпошани?**

Можеме да издвоиме од гледиште на граѓаните десетина најприоритетни проблеми за решавање, а се од аспект на животната средина. Тоа се: сечење и уништување на урбаното зеленило, загадување на воздухот од горење на пластика, гуми и сл., пренамена на зелените површини на Водно во градежно земјиште, несанкционирање на уништувањето на урбаното зеленило, загадување од големиот сообраќаен метеж, урбаниот развој којшто не го следи соодветна инфраструктура за заштита на воздухот, водата и почвата, ниска свест кај самите граѓани, но и кај институциите за зачувување на животната средина, односно природата, неодржлив развој на Општината поттикнат од изградба на згради, трговски центри, паркинзи на зелени површини, загадување од индустриските комплекси и немање на доволен број канти за селектиран отпад.

Се разбира листата на забелешки од граѓаните тука не завршува, напротив, тука се и урбанистички планови во кои што не е запазена ружата на ветрови, инсолација: обезбедување соодветен простор за возилата, недостаток на затворени паркинзи за точаци (bike hubs); изнаоѓање на соодветно

решение преку Општината како жителите да се организираат за фрлање на градежниот шут, зголемена популација на улични кучиња и дузина други. Но, она што е најважно за нив е, новиот ЛЕАП на Општината, да се обиде да реши барем дел од нив, а тоа, патем, да биде транспарентно, видливо и во секое време „отворено“ за сугестии и корекции.

Токму затоа новиот ЛЕАП нуди и Акциски план кој врши приоритизација на проблемите по тематски области, односно редоследно што и како ќе се решава.

**Решенија:**

На планот на **аерозагадувањето** во документот се поставени неколку цели: намалување и елиминација на горење на несоодветни и опасни материјали, намалување на високото загадување на амбиентниот воздух предизвикано од транспортот, унапредување на урбаниот развој заради намалување на PM10 честичките од градежниот сектор, заштита на квалитетот на амбиентниот воздух од ослободување на неразградливи органски загадувачи (POPs)(палење кабли) и сл.

Кај справувањето со **отпадот** е предвидено воспоставување на мониторинг на отпадот на ниво на Општината поради немање дата-база за количината отпад од правни и физички лица, воспоставување на систем за сепарирање, реупотреба и рециклирање на отпадот на местото на создавање согласно интегрираниот начин на управување со отпад, расчистување на дивите ѓубришта и извршена ремедијација на просторот.

Мерките за заштита на **почвата** опфаќаат спречување на контаминација на почвата и земјиштето на територија на општина Карпош и одржливо управување со зелени површини и со земјоделското земјиште со цел да се спречи појавата на трансформација на земјоделско во градежно земјиште.

Подеднакво значење е дадено и на **водата** од аспект на подобрено управување со водата за пиење и покриеност на целата општина со канализационен систем.

Честата појава на зголемена **бучава** изискува редовна контрола на работата на субјектите од страна на инспекциските служби во Општината.

На планот на **енергетска ефикасност** потребна е поголема едукација и вклученост на граѓанскиот и приватниот сектор за можностите и технологите за користење на алтернативни извори за енергија, користење на енергетско ефикасни светилки и енергетски-ефикасно доопремување на преостанатите шест градинки.

Конечно не смее да се занемари и проблемот со **климатските промени** во случаеви кога имаме појава на урбани топлотни острови заради густата урбана средина, бетон, асфалт и потрошувачи на енергијата кои се воедно и генератори на топлина, а за нивна појава придонесува и збиената структура на објектите, која оневозможува проток на воздушната маса, како и асфалтот, издувните гасови од возила и индустријата, темните фасади.

Сите гореспоменати мерки се дел од овој стратешки документ кој краткорочно, но и на среден и на подолг рок треба да придонесе за поздрав и почист Карпош.

На презентацијата присуствуваше и градоначалникот Стефан Богоев кој во оваа пригода истакна дека заштитата на животната средина, чистиот воздух, екологијата, не се тема која е актуелна само во зимскиот период, кога воздухот е најзагаден, туку е тема број 1 во сите општини и градови во Република Македонија.

- Ова, рече Богоев, беше клучна тема и во политичката битка на последните локални избори, а ние како Општина цврсто опстојуваме на заложбите за создавање еколошка општина и високи стандарди во спас и зголемување на зеленилото. ЛЕАП всушност е скенер на состојбите до каде сме на овој план, но и патоказ што треба да презмеме и што ќе преземеме во наредните години на планот на екологијата. Тоа би значело добрите практики кои сега ги спроведуваме да ги задржиме и да ги имплементираме натаму, но и да воведуваме нови.

Богоев ги наброја неколкуте круцијални потези кои ги направи локалната власт во изминатата година и неколку месеци, а тоа се т.н. „зелена офанзива“ зголемување на меѓублоковското зеленило со над 300 нови садници. Општината прв пат лани воведе и додели субвенции за велосипеди, додека Градот работеше на обнова и зголемување на велосипедската инфраструктура, изградивме нов сквер во Тафталиџе и Нерези, а за поголема хигиена Општината воведе и ново работно време за хигиеничарите за викендите, кога и најмногу се собира смет. Богоев го најави новиот парк кој ќе се гради наспроти Карпош 4, за чии зелени содржини ќе бидат консултирани и експерти од Шумарски факултет. Конечно, за зачувување на зеленилото во Карпош ќе бидат ангажирани дополнителни двајца комунални инспектори со поголеми овластувања. Инаку, според Богоев, на негово задоволство, овој пат, во креирањето на ЛЕАП - 2 учествуваа и граѓански здруженија, Коалицијата О2 и НВО секторот со конструктивни предлози.

Мартина Блинкова од Градежен институт Македонија, пред присутните во детали ја образложи содржината на овој стратешки документ кој треба да добие „виза“ од од советниците на Општина Карпош. Изработувач на ЛЕАП - 2 за Општина Карпош се Градежниот институт „МАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ - ГИМ, МАНЕКО СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје и Институтот за истражувања во животна средина, енергетика и градежништво - ИЕГЕ.

**Виолета Цветковска**

# ВЕСТИ



## **БОГОЈАВЛЕНИЕ ВОДИЦИ** ТРАДИЦИОНАЛНО ОДБЕЛЕЖАНО ВО КАРПОШ

Традиционално и оваа година на „Железниот мост“ во населбата Долно Нерези, карпошани го одбележаа христијанскиот празник „Богојавление-Водици“. Според верувањето, ова е денот на кој според христијанското предание, Св. Јован Крстител го крстил Исус Христос во реката Јордан. Се прославува секој 19 Јануари, кај верниците кои го користат јулијанскиот календар ( православните народи).

Оваа година, точно на пладне во 12:00 часот, голем број на верници од Општина Карпош, како и од соседната Општина Ѓорче Петров, во духот на традицијата се фрлија по крстот во водите на реката Вардар. Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, на сите граѓани од христијанска вероисповед им посака добро здравје, среќа и благостостојба. На манифестацијата, како и секоја година, така и оваа, голем број граѓани, верници заедно со своите семејства беа присутни на одбележувањето на овој свечен христијански чин.

Со овој празник, завршуваат не само дванаесетте т.н Некрстени денови, туки и целиот циклус на зимски празнувања во кој спаѓаат уште и свечените празнувања и чествувања поврзани со Бадник, Божиќ и Нова Година.





## ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ **СВ. АТАНАСИЈ**

Во знакот на традицијата, во Карпош беше одбележан празникот Св. Атанасиј, и тоа во повеќе населби каде што тој традиционално се чествува како: Бардовци, Злокуќани и Жданец.

На одбележувањето на овој ден присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, како и претседателот на Советот Андреј Манолев и повеќе советници.

Тие на граѓаните им посакаа добро здравје, среќа и успеси во текот на годината.

# ОД ОПШТИНАТА

## НОВИ МЕРКИ ЗА **ПОГОЛЕМА ХИГИЕНА ВО КАРПОШ**

Еден од најголемите приоритети за Општина Карпош е заштитата на животната средина.  За таа цел локалната самоуправа воведува нови мерки за зголемување на јавната хигиена во сите урбани и месни заедници. Комуналните служби во Општината ќе работат и во текот на викендот, односно сабота ќе биде работен ден за нив, додека во  недела се воведуваат дежурни служи. Освен тоа, ќе се постават и нови корпи за отпадоци како урбана опрема со која ќе се зголеми хигиената во Општината.

Градот Скопје, и сите поголеми урбани центри во Република Македонија во зимските месеци се соочуваат со енормно аерозагадување, па оттука, подигнување и зголемување на капацитетите за одржување на јавната хигиена се повеќе од потребни.

Општина Карпош во соработка со Градот Скопје, ќе поставаат подземни контејнери, кои ќе овозможат правилно управување со отпадот, и истиот ќе се третира поефикасно. За оваа намена Советот на локалната самоуправа одвои два милиони денари.

Сите граѓани на Карпош можат да **пријават електричен и електронски отпад** на активната телефонска линија : **070-236-000**.

Секторот за животна средина и енергетска ефикасност при Општина Карпош работи и на воспоставување на систем за собирање на кабастиот отпад.

Упатуваме апел до сите граѓани и компании да водат грижа за животната средина и да се грижат за хигиената во Општината. Во спротивно, сите субјекти,правни и физички лица кои придонесуваат за загадување на околината и амбиенталниот воздух, ќе бидат соодветно санкционирани.





## **ЕКО АКЦИЈА** ВО КОЗЛЕ

Комуналните служби на Општина Карпош минатиот месец имаа голема акција за чистење на населбата Козле, на потегот од ООУ „Владо Тасевски“ до Министерството за економија. Хигиеничарите ги отстрануваа лисјата од јавните површини, а патем го отстрануваа и погабаритниот отпад: пластика, хартија и стакло. Локалната самоуправа продолжува со секојдневната грижа за јавната хигиена и во наредниот период.

**КАКО ДА ЈА ПОТТИКНЕМЕ ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТА – СЕКОЈ ИМА ОДГОВОРНОСТ**

# ЕКО-АВТОМОБИЛИ ЗА ***ЗЕЛЕНИ УЛИЦИ***



Со едукативната изложба на електрични автомобили, тест возење со електричен автомобил, на платото пред Спортскиот центар „Борис Трајковски“, се одбележа Денот без возила на фосилни горива.

Настанот го организираше „Прокредит банка“ – Македонија, а во него учествуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

Токму овој настан е потврда за тоа како треба да работиме на полето на заштита на животната средина. Секој од нас носи одговорност: институции, приватен сектор, граѓански сектор. Само заедно можеме да даденеме конкретен придонес.

По сите релевантни анкети, загадувањето е еден од главните проблеми во оваа држава. Општина Карпош е во процес на донесување на нов Локален еколошки акциски план (ЛЕАП) кој нуди препораки и решенија и во делот на поттикнување на користење електрични превозни средства, рече Богоев. Новиот ЛЕАП на Општина Карпош дава препораки за субвенционирање на електрични велосипеди и тротинети, како и поставување на полначи од обновливи извори на енергија кои ќе бидат достапни за граѓаните и нивните возила.

Да почнеме да се менуваме. Ако до пред неколку години субвенциите за велосипеди беа реткост, денеска се редовна пракса во повеќе општини. Оттука, се надевам дека и субвенционирањето на хибридни возила може да биде наше секојдневие и електромобилноста да стане реалност и во нашата земја.

- Имајќи ја предвид финансиската состојба на граѓаните, јасно е дека ова нема да биде лесен процес, затоа е потребен напор и поддршка од сите чинители, рече Богоев.

На панел дискусијата која се одржа веднаш по изложбата, се обрати и заменик министерот за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули кој се осврна на фактот дека ова е клучна година во борбата со аерозагадувањето. Во рамки на дискусијата говореа и претставниците на „ЕВН“ – Македонија и „МЕПСО“, кои ги истакнаа предностите од користењето на електричните превозни средства и нивната подготвеност да поставаат инфраструктурна мрежа од станици, каде што ќе се снабдуваат еко-возилата со потребната погонска енергија. Претставникот на „Прокредит“ ги запозна присутните со поволностите кои ги нуди оваа банка, во врска со купување на електричните автомобили, а одговорното лице од компанијата „Порше“ – Македонија, детално ја опиша глобалната светска ориентација на развиените земји, кои го поттикнуваат производството на електрични – еколошки автомобили, за широка употреба.

Претставниците на невладината организација „Електромобилност Македонија“, презентираа стручна студија за бенефитите од користење на еко-автомобилите, во кој случај значително би се намалила емисијата на штетни гасови во атмосферата, со што директно се влијае во заштитата на животната околина.

Во таа насока, Владата ќе обезбеди повеќе финансиски средства за справување со овој горлив проблем, но мора да постои волја и подготвеност кај сите чинители, а придонесот на општествено – одговорните компании навистина е огромен.

**Димитар Караташев**













**Првиот македонски рагби тим**
**Wild Boars** тренира во Карпош

# **ДИВИ** ВО СРЦЕТО



„Рагбито е хулиганска игра, која ја играат џентлмени“ – гласи познатата изрека на славниот британски државник Винстон Черчил, кој најдобро го опишува овој витешки спорт. На почетокот на декември минатата година, нова страница во македонската спортска историја испишаа „Дивите вепри“ од Скопје, откако го одиграа првиот рагби натпревар на фудбалскиот терен „Локомотива“ во Карпош, против „Мечките“ од Приштина.

Интересно е што за формирање на првиот македонски рагби тим и лига, веќе една деценија размислувале повеќе луѓе, а идејата за „раѓањето" на „Skopje Wild Boars" потекнува од неколкумина Британци кои живеат во Македонија, вклучувајќи го и Џејмс Холт, кој е основач и претседател на тимот.

- *Јас играм рагби веќе 29 години, започнувајќи на седум годишна возраст во Велика Британија. Пред четири години, откако се преселив во Македонија, мојата љубов кон овој спорт сеуште ја носам со себе и токму затоа, ми причинува големо задоволство што го донесов овој спорт тука. Сепак, клубот не би постоел без неверојатната поддршка и интересот на играчите во клубот, од кои 90 отсто се од Македонија. Морам да напоменам дека во нашиот состав имаме и четворица Британци, еден играч од Турција и еден од Грузија* – вели Холт.

Рагбито вообичаено го заменуваат со американскиот фудбал и покрај тоа што двата спорта се сосема различни. За илустрација, рагбито се игра во повеќе земји и има повеќе тимови ширум светот, за разлика од американскиот фудбал. Рагбито е тимски спорт со 15 играчи, а еден меч трае 80 минути (две полувремиња од 40 минути). Играта бара исклучителни физички и ментални способности од сите играчи, па токму затоа е познат како нај-гладијаторски спорт.

- *Нашиот капитен на клубот - Димитар Нарашанов, исто така, донесе богато искуство и знаење и беше еден од првите членови. Од нашето основање, кон средината на 2018 година веќе ги надминавме моите очекувања и имаме фантастична мешавина на играчи и членови, кои се од 14 до 60 годишна возраст и потекнуваат од повеќе сфери на животот, од ученици и студенти до јавни службеници и сопственици на бизниси. Со помош на нашиот новоназначен клупски секретар – Гоце Адамчески, ние сега сме и официјално регистрирани и со нетрпение ја очекуваме следната фаза во македонското рагби* – со ентузијазам говори Џејмс.

Екипата ги одржа првите тренинзи во Градскиот парк, но набрзо го надминаа просторот. Веднаш потоа, „Веприте" се преселија на стадионот „Локомотива" во Карпош, што им овозможува да имаат постојан дом за складирање на опремата и тренирање во континуитет. Тренинзите вклучуваат кондициски дел и вежби за развој на мускулите, како и експлозивни вежби за добивање на поголема сила и издржливост и тренинг за вештини во услови на натпревар, вклучувајќи и посебен тренинг за индивидуални позиции во рамките на тимот.

- *Тренингот е забавен но исто така доста тежок. Но ние сме семејство, така што секогаш е одлично да бидеме заедно. Имаме двајца тренери кои заедно со претседателот на клубот ги планираат тренинг сесиите еден месец однапред, со цел да се фокусираме на тековните потреби на тимот. За почеток, дополнителен мотив ни дадоа околу 200 скопјани со нивната фантастична поддршка, кои дојдоа и не поддржаа на нашиот прв натпревар* – раскажува претседателот на клубот.

Со оглед на тоа што овој спорт сеуште не е афирмиран во нашата земја, раководството на „Дивите вепри" составено од претседателот на клубот - Џејмс Холт, секретарот - Гоце Адамчески, тренерот на напаѓачите - Стефан Борозан, капитенот - Димитар Нарашанов и неговиот заменик Ендрју Дејвис, вложува многу амбиции и напори да го популаризира рагбито на овие простори.

- *На почетокот клубот беше финансиран од мене, бидејќи многу бизниси не беа заинтересирани да помогнат. Од неодамна воспоставивме контакт со Општина Карпош и добивме голема поддршка од нив, како и од градоначалникот Стефан Богоев кој присуствуваше на нашиот прв натпревар. Во моментов разговараме со една интернационална компанија која изрази интерес да стане наш главен спонзор, но секогаш сме заинтересирани да преговараме со други компании кои би можеле да работат со нас, за растот на македонското рагби* – објаснува Џејмс Холт.

Wild Boars велат дека се подготвени да иницираат формирање на нови тимови во Македонија и планираат да основаат втор скопски тим до крајот на оваа година. Основната идеја е да се создаде македонска лига во следните две години, а дотогаш тие воспоставија фантастични односи со неколку клубови низ целиот Балкан, вклучувајќи ги Србија, Косово, Бугарија и Грција, со кои ќе се натпреваруваат оваа година.

- *Иднината на македонското рагби ја гледаме пред сѐ во децата и заради тоа, ќе започнеме со младински тим на почетокот на оваа година. Како клуб ние имаме 5 - годишен план за развој според кој очекуваме, повеќето градови во Македонија да имаат најмалку еден тим. Исто така, сакаме да основаме и женски тим со цел да се натпреварува против други женски тимови на Балканот, (во седум држави на Балканот веќе функционираат и женски тимови)* – додава Холт.

На почетокот на април годинава, „Веприте" од Скопје ги очекува возбудливо гостување во Приштина. По тој повод, тие ги покануваат сите љубители на рагбито да ја посетат нивната официјална Facebook страница **https://www.facebook.com/skopjewildboarsrfc/** и да ги следат сите актуелности поврзани со клубот.

Во таа насока, ние им посакуваме на „Дивите вепри" наскоро да станат ловци на победи и за почеток, на нивното „мени" да се најдат многу рагби екипи од соседството и пошироко.

**Игор Ѓуровски**




СО ОДЛУКА НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА КАРПОШ

# **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА НАША СОГРАЃАНКА

На последната седница на која заседаваше Советот на општина Карпош, советниците едногласно одобрија 300.000 денари финанска помош, која ќе биде наменета за карпошанката Снежана Караџоска, врз која треба да се изврши оперативен зафат во странство.

По издаденото мислење од конзилиумот лекари од државните клиники дека во Република Македонија се исцрпени сите можности за натамошно лекување во нашата држава и деке е неопходно оперативно и рехабилитационо да се лекува надвор од нашата земја, локалната самоуправа, односно советниците при Советот на Општината со апсолутна согласнот донесоа одлука да и се додели финансиска поддршка на нашата сограѓанка со цел да и се помогне во натамошното опоравување.

Ова е еден од начините на кои Општина Карпош се обидува во секоја можна прилика да им помогне на своите жители кои се наоѓаат во тешка здравствена состојба или имаат друга потреба за помош при лекување.

# ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЕФЕКТИВНО **СЕ СПРАВУВА СО СНЕГОТ**

**О**пштина Карпош ефикасно и ефективно се справи со интензивните снежни врнежи во периодот после Новогодишните празници. На критичните места (Трнодол, Жданец, Долно и Горно Нерези, кај Детската болница – „Козле“ , Бардовци) општинските служби во континуитет ги чистеа улиците со два камиони и придружна механизација, притоа истурајќи големо количество на сол.

Исто така, вработените во комунална хигиена, со лопати го чистеа снегот пред јавните установи, односно пред основните општински училишта и детските градинки, тротоарите покрај сервисните улици, како и пред влезовите во колективните станбени домови. Локалната самоуправа, како законска обврска, односно според член 22 од Законот за јавна чистота, ги потсетува правните лица (компании и фирми) дека треба да го исчистат снегот кој се наоѓа во непосредна близина на нивните објекти. Исто така, Општината во соработка со граѓаните, активно работи на расчистување на снегот во помалите, локални улички, со цел поефикасно справување со снегот.

За три дена активност на терен, општинските служби задолжени за справување со снежните наноси на територијата на Општината истурија преку 80 тони сол. Комуналните служби, во најкритичните денови, активно работеа и до доцните вечерните часови.

И во иднина, додека траат зимските месеци, Општина Карпош активно и навремено ќе реагира во расчистување и справување со евентуалните снежни наноси и врнежи на снег.









# **НАД 55% ОД ГРАЃАНИТЕ** И ВЕРУВААТ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ- **ПРИОРИТЕТ ЗА 2019 Е ЧИСТОТАТА**



55,5 % Имам доверба

38,3 % Немам доверба

6,2 % *НЗ/НО

*(НЗ - Не знам; НО - Немам одговор

Повеќе од 55% од граѓаните (55,5%) имаат доверба во локалната самоуправа во Општина Карпош и повеќе од половина од жителите се задоволни од досега сработеното од страна на општината и градоначалникот Стефан Богоев.

Ова го потврдува теренската анкета на Агенција „Рејтинг“, спроведена за потребите на Општина Карпош, на репрезентативен примерок од 1.000 граѓани, постари од 18 години, жители на општината.

Анкетата го мери и задоволството на граѓаните од реализираните проекти во изминатата година. Граѓаните, во најголем број, даваат поддршка за реконструкцијата на детските игралишта, како и за новиот парк – урбан сквер меѓу Тафталиџе 2 и Нерези. Дополнително, со анкетата се мапираат проблемите на микро ниво, односно по населените места, што и овозможува на Општината да излезе во пресрет на потребите на секоја населба.

*Како граѓанин на Општина Карпош, за секоја од следниве активности, ќе ве замолам да ми кажете дали сте многу задоволен, задоволен, незадоволен или многу незадоволен?*



Исто така, карпошани беа анкетирани и за повеќе области од надлежност на локалната самоуправа, при што 54% од граѓаните рекоа дека се задоволни од управувањето со основните училишта, 59% од одржувањето на улиците и инфрастуктурата и 55% се задоволни од развивање на културата и грижата за зеленилото во општината. Високи 79%, односно 77% од граѓаните се задоволни од комуникацијата на Општната преку e-mail, односно преку социјалните мрежи.

*Колку сте задоволни од локалната власт во следните области во нејзина надлежност?*




Анкетата има за цел да ги одреди приоритетите на граѓаните во однос на проектите и активностите на локалната самоуправа. Во тој контекст, во фокусот на работењето на Општината за претстојната година е урбанистичкото планирање, преку кое директно овозможуваме подобри услови и похумано живеење во Карпош. Посебно внимание во овој процес ќе има заштитата на животната средина, регулирање на паркирањето и обезбедување дополнителни места за паркинг. Исто така, следејќи ги потребите на граѓаните, Општина Карпош ќе продолжи да работи на мерки против загадениот воздух, како и одржувањето на комуналната хигиена на својата територија.

**Димитар Караташев**

*Кој би рекле дека е главниот проблем со кој се соочува вашата општина денес и е од надлежност на локалната самоуправа?*



# ТОШЕ ГО ОБЕДИНУВА БАЛКАНОТ И ПРЕКУ СПОРТ

Споменот за нашата најголема музичка звезда која трагично го загуби животот во сообраќајна несреќа кај Нова Градишка во Хрватска, Тодор Тоше Проески се негува и се одбележува секоја година со најразлични манифестации. Токму ликот и делото на Тоше Проески и денес придонесуваат да се прави мост на соработка меѓу различни култури и држави.

Најчесто, за неговиот роденден на 25 јануари, или пак на денот на погибијата - 16 октомври, се оддава почит за ликот и делото на нашиот современик, кој зрачеше со фасцинантна харизма препознатлива низ целиот Балкан. Голем број на граѓани, здруженија, спортски клубови, најчесто на овие датуми приредуваат музички и спортски манифестации, на кои се потсетува на големата љубов, хуманост која тој несебично ја. Тоше исто така беше вљубеник во спортот, а најмногу практикуваше одбојка

Оваа година, по десетти, јубилеен пат, Општината Карпош како покровител, заедно со Здружението на стопанственици Власи „Мандра“ го организираше меморијалниот турнир во мал фудбал „Тоше Проески“. За прв пат, турнирот доби и меѓународен карактер, со учество на фудбалски тимови од соседните држави и од државите од поранешна Југославија. Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, прогласувајќи го турнирот за отворен нагласи дека Тоше Проески, зрачел со хуманост и енергија која ја пренесувал на сите - од најмалите до највозрасните.













-Тоше и денеска е нашата најголема музичка ѕвезда. Освен музичкото творештво, кое го остави зад себе, песните со кои растевме, тој беше препознатлив и по неговиот ведар дух, секогаш насмеан, ширеше позитивна енергија и беше идол на многу генерации, нагласи на отворањето на турнирот градоначалникот на Карпош Стефан Богоев.

Овој меѓународен турнир се одигра во С.Ц „Форца“ од 18-20 јануари. На него учествуваа осум екипи од Македонија, Хрватска и Албанија и тоа тимовите од Нова Градишка, Чаир, Корча-Албанија, Општина Карпош, Општина Крушево, НЛБ Банка, „Лиличи Араши“, Велес и Мандра - Скопје. Победник на оваа спортска манифестација во мал фудбал стана екипата од Нова Градишка, Хрватска, додека второто место го освоија учесниците од Корча, Албанија. Третопласирани беа домашната екипа од Крушево.

По завршувањето на турнирот, во хотелот „Александар Палас“ беа доделени пехарите за победничките тимови, како и плакети за учесниците. Додека траеше манифестацијата гостите уживаа во песните на Тоше , изведени од талентирани млади ученици од групата „Бона Деа“ .

**Благојче Атанасоски**

# КАРПОШОВИ УЧЕНИЦИ НА **СКИ ОБУКА ВО РАЗЛОГ**

Локалната самоуправа од Карпош оваа година финансиски ја субвенционираше ски обуката на неколку стотини ученици од основните училишта во Карпош.

Здружението за организација на спортски активности „Скопје-Куп“, заедно со ски - школата „Национал“ од Софија, Република Бугарија, од 08 – 13 и од 13 - 18 јануари 2019 година, одржаа ски - обуки во месноста Разлог, во соседна Бугарија. Обуката беше наменета за повеќе од 400 основци, од кои најголемиот број доаѓаат од основните училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош. Така, во две смени, од Општина Карпош на ски школа беа повеќе од 200 ученици од седум општински основни училишта: „Јан Амос Коменски“, „Владо Тасевски“, „Братство“, „Петар Поп Арсов“, „Димо Хаџи Димов“, „Вера Циривири Трена“ и „Христијан Тодоровски- Карпош“.

Младите карпошани, за совладување на техниката на овој зимски спорт беа опремени со целосна ски опрема, ски карти, а вештините на овој атрактивен зимски спорт им ги пренесуваа стручни тренери за скијање.

Претседателот на Здружението за организација на спортски активности „Скопје Куп“ Влатко Неделковски, нагласи дека учениците имале извонредни услови за ски - обуките, одлични ски терени за почетници, како и перфектни услови во сместувачките капацитети, односно во хотелите во кои отседнале.






#КарпошВоЗима




#KarposTime



Маја Дангубиќ



Бети Андриевска

# ЧИСТА ДЕСЕТКА ЗА **„7“- ЦА**




Кога ќе се спомне бројот „ 7“ , првата асоцијација доаѓа за  срееќната бројка од лото, но кога во гастрономијата ќе го слушнете зборот „ 7 “-ца (седмица), веднаш помислувате на култната скопска сендвичарница.

Приказната за оваа денес ултрапопуларна сендвичарница, започнува во далечната 1987 година, кога Славица Попова го отвара првиот локал, спроти Амбасадата на Р. Грција, кој и денеска се наоѓа на истото место. Со препознатливиот квалитет, пред се на хамбургерот, низ годините, оваа сендвичарница прераснува во вистински оригинален бренд, кој ги мами сите генерации. Денеска сендвичарницата „7"-ца ја управуваат браќата Трајче и Јане Попови, како наследници и продолжувачи на семејниот бизнис.



- Од секогаш, приоритет ни бил квалитетот на нашиот продукт. Имаме сопствен погон за преработка на месо и на потребните прехранбени продукти. Притоа работиме исклучиво со свежо месо, нагласува Трајче Попов, попознат меѓу пријателите и познаниците како Цале.







- Карпошани се покажаа како одлични и лојални конзументи на нашиот бренд, поради што постојано работиме со полн капацитет. Ние сме, пред се, еснафи во бизнисот. За понатаму, согласно побарувачката на пазарот, ќе размислиме дали ќе ги прошириме нашите капацитети на продажба и во други населби во Скопје. Нашето мото е „Квалитетот секогаш има предност пред квантитетот", заклучува Трајче.



Освен овие три локации, овој семеен бизнис е проширен и со истоимениот скара ресторан, кој се наоѓа во Центар, а целата замисла била да се послужат скопјани со квалитетна скара, од свежо месо.

Трајче Попов потенцира дека „7"-ца е општествено одговорна компанија, која помагала на многу студенти, студентски организации, на сограѓани во тешка материјална состојба, односно, освен профитот, кој е „ѕвезда водилка" за секој бизнис и компанија, хуманоста е исто така многу битна карактеристика во водењето на еден бизнис.

Во „7"-ца, освен најпопуларниот хамбургер, можете да вкусите и чизбургер, француски сендвич, пилешки стек, тостови и популарните и вкусни пирошки.



**Благојче Атанасоски**




**Две и пол децении функционалност на фармацевскиот пазар**

# АКАЦИЈА
## РЕПЕР ЗА УСПЕШЕН ЛОКАЛЕН БИЗНИС

Дипломираниот фармацевт Аница Ѓорѓиоска , повеќе од 25 години успешно „плови“ во фармацевтските и бизнис води. Својата љубов кон фармацијата, од академските години, ја преточила во една благородна и хумана цел, помагање на луѓето. Како што нагласува Аница, профитот секогаш бил во втор план. Аптеката „Акација“, успешно опстојува на фармацевскиот пазар повеќе од две и пол децении, на иста локација, односно во трговскиот центар во населбата Козле.



Генерации и генерации карпошани од овој дел на Општината, односно од населбата Козле и соседните Жданец и Трнодол, израснаа и се поистоветуваа со оваа аптека, едноставно препознавајќи ја како „аптеката во Трговскиот“, и доживувајќи ја како „нивна“ матична и маалска аптека.

**Што ве поттикна да отворите фармацевтски бизнис пред скоро три децении?**

- Мојата љубов кон фармацијата која ја негував низ целиот процес на образованието, надополнета со желбата за помагање и лекување на сите пациенти беа главните причини за стартување на бизнис во овој сектор. Никогаш не беше решавачки економскиот бенефит, тој некако секогаш доаѓаше во втор план. Самата помош и внимание која им ја пружаме на нашите пациенти се „локомотива” и мотив на нашето функционирање на работа.

**Кои се предизвиците со кои се соочувавте во водењето на Вашиот бизнис, во овие две и пол децении?**

- Најголемите предизвици во овој бизнис произлегуваат од борбата за пронаоѓање на решение како да бидеме актуелни и иновативни и покрај фактот што на пазарот има голема и квалитетна конкуренција. Да бидеме во чекор со големите „синџири“ на фармацевтски компании секогаш е голем предизвик кој од нас бара голема посветеност и надвор од работните часови. Секогаш сме достапни за пациентите.

**Која е „тајната на успехот“, со која успешно сте ги пребродиле предизвиците, и продолжувате успешно да работите во Вашата бранша?**

- Самото долгогодишно искуство и работа со пациенти не прави препознатливи за потрошувачите во блиската околина. Нашето функционирање и успех најмногу се должат на максималната посветеност на секој пациент, вклучувајќи ги тука многубројни совети и разбирањето за сите видови на потешкотии и проблеми.

**Дали сте размислувале на проширување на капацитетите на Вашиот бизнис, надвор од територијата на Општина Карпош?**

- Секогаш сме размислувале на тој чекор, таа опција сеуште не е исклучена, но, како што наведов претходно, моментално јас и нашиот тим сме окупирани со актуелниот начин на функционирање. Нашето време и капацитет моментално се целосно усогласени на потребите на потрошувачите.

**Што би им препорачале на младите карпошани кои сакаат да започнат свој бизнис?**

- Како долгогодишен раководител на компанија, повеќе од 25 години, морам да посочам дека секој што би сакал да започне нова приказна и бизнис во нашата општина и надвор од неа, мора да биде подготвен на големи жртви и предизвици. Мора да го сака тоа што го работи за да остане мотивиран и во најтешките моменти, да биде подготвен и на успеси и на падови.

Ги охрабрувам сите што се подготвени да отворат своја компанија тоа да го направат во нашата Општина Карпош, бидејќи нашите жителите знаат да ценат квалитет и посветеност.

Освен широкиот асортиман на лекови, во оваа аптека, достапни се и козметички средства и препарати, средства за лична хигиена, витамини како и диоптерски очила.

**Благојче Атанасоски**









# facebook

**Stevan Pepeljugoski** Koga se planira da pocne da se gradi parkot pokraj kejot na Vardar ?

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 1 седмици

**Stefan Bogoev** Здраво. Оваа пролет ќе започнат активностите за изведба на паркот. Поздрав и убав ден, Стефан.

Ми се допаѓа · Одговори · 1 седмици

**Stevan Pepeljugoski** Stefan Bogoev blagodaram za odgovorot,pozdrav i ubav den.

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 1 седмици · Изменет

Одговори...

**Sezana Andonovska** Se e toa dobro I treba da se napravi salata ..no dali Vie gledate kolku Karpos e zagaden so prepolni kontejneri I nadvor od niv so djubre I smrad Dobro bi bilo I na ova malku da porabotite bidejki cesto velite deka ste odrasnale vo Karpos.Togas prosetajte I videte kako e I vo Karpos 4 gradonacalnice

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 1 седмици

**Stefan Bogoev** Здраво Снежана. Нашите хигиеничари - комунални служби почнаа да работат и во сабота, а воведовме дежурства и во недела. Општинските служби чистат внатрешно низ населбите, а Градот Скопје, КХС и ЈП Паркови и зеленило долж главните сообраќајници и булевари. Одвоивме и 2 милиони денари за да помогнеме на Градот во набавка на нови хидраулични контејнери, а ќе се набават и корпи за цебен отпад. Секој носи одговорност за здрава и чиста животна средина. Ви благодарам на разбирањето. Поздрав и убав ден, Стефан.

**Opstina Karpos (Municipality of Karposh)** @OpstinaKarpos · Jan 30

РЕШЕНИЕ за свикување на осумнаесетата седница на Советот на Општина Карпош karpos.gov.mk/vest/10073

**Opstina Karpos (Municipality of Karposh)** @OpstinaKarpos · Jan 29

НАД 55% ОД ГРАЃАНИТЕ И ВЕРУВААТ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ- ПРИОРИТЕТ ЗА 2019 Е ЧИСТОТАТА karpos.gov.mk/vest/10072

Translate Tweet

**Opstina Karpos (Municipality of Karposh)** @OpstinaKarpos · Jan 28

ИСКУСТВОТО И ЕНТУЗИЈАЗМОТ ЌЕ ГО „ВОСКРЕСНАТ" ПАРТИЗАН karpos.gov.mk/vest/10071

**Општина Карпош**

4 февруари во 13:26

Користете ја платформата www.prijavi.mk, за да пријавите проблем во вашата населба, маало или населено место во Карпош.



SQ.RAPORTO.MK

**Raporto.mk**

Report, view, and discuss local street-related problems.

**Општина Карпош**

[?] · пред 8 часа

Утринската акција на улицата „Волгоградска", во Карпош 4 каде што се сечеа и кастреа суви гранки беше спроведена од ЈП „Паркови и зеленило".

Општина Карпош нема преземено иницијатива за сеча на гранките на овој потег, туку станува збор за активност на јавното претпријатие поради староста на дрвјата во овој дел од населбата.

Имено, остарените и исушени дрвја претставуваат сериозна опасност за околината, за граѓаните, а може да направат и поголема материјална штета на паркираните возила.

KARPOS.GOV.MK

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА АКЦИЈА ЗА КАСТРЕЊЕ НА СУВИ ГРАНКИ**

## twitter

**Стефан Богоев**

Се согласувам дека треба да се понесе одговорност. Соработуваме со сите институции, доставуваме докази и списи. Одговорност мора да има!

**Стефан Богоев**

Ќе се зголеми ажурноста на администрацијата и квалитетот на услуга - одговор во некои области. Секако дека мобилната апликација не може да ги реши сите проблеми 😊

**Стефан Богоев**

Во петокот и саботата имавме пуштено инспекциски екипи на терен, како од Карпош, така и од Град Скопје.
Постојат повеќе домаќинства во Злокуќани кои се греат на дрва и потребно е час поскоро да се префрлат на др.начин на греење.
👉 karpos.gov.mk/vest/10078

## Instagram








Клиничка болница
**Аџибадем Систина**

# АНЕМИЈА ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ

Доц. д – р Билјана Чонеска – Јованова
**Педијатар**

**Анемија или слабокрвност претставува намалување на вредностите на хемоглобинот со или без намалување на вредностите на еритроцитите (црвените крвни зрнца). Доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, педијатриски хематоонколог од Клиничката болница „Аџибадем Систина", вели дека повеќето видови анемија може лесно да се коригираат, но некои видови анемија може сериозно да го нарушат здравјето и да доведат до животнозагрозувачки состојби.**

### 42% ОД ДЕЦАТА ИМААТ АНЕМИЈА ПОРАДИ ЛОШАТА ИСХРАНА

Д-р Чонеска - Јованова потенцира дека најчести причини за анемија во детската возраст се нутритивните дефицити (најчесто поради неправилната исхрана), инфективните заболувања и хемоглобинопатиите. Нутритивните анемии се резултат на недоволен внес на потребната храна во организмот која придонесува за синтеза на хемоглобин и еритроцити. Дефицитот на железо е најчестиот тип на нутритивна анемија и се смета за главна причина за анемија кај претшколските деца. Во најголем број случаи анемијата се должи на неправилна исхрана на детето и зголемените потреби на организмот за железо во фазите на интензивен раст. Децата кои во својата исхрана внесуваат многу малку месо, риба, јајца, овошје, зеленчук, а повеќе консумираат млеко, најчесто развиваат ваков тип слабокрвност. Дефицитот на витамини (А, Б2, Б6, Б12, Ц, Д, Е и фолна киселина), како и дефицит на бакар исто така можат да доведат до анемија поради нивната важна улога во синтезата на хемоглобинот и еритроцитите.

### КАКО ДА ПРЕПОЗНАЕТЕ АНЕМИЧНО ДЕТЕ?

Повеќето симптоми на анемија се неспецифични, само мал дел од нив се поврзани со одредени видови анемија. Анемијата многу често е придружен симптом на други, најчесто хронични заболувања. Најчестите симптоми на анемија се: бледило на кожата и видливите слузници; недостиг на енергија, изнемоштеност или недостиг на концентрација; главоболка и вртоглавица; намален имунитет и склоност кон инфекции; забрзана работа на срцето (тахикардија); отежнато дишење; жолтило на кожата и белките на очите; зголемени црн дроб и слезинка; заостанување во растот и развојот; нерегуларни менструални циклуси; изостанување или одложен менструален циклус. Сите овие симптоми може да бидат манифестација на друго заболување и затоа е многу важно правилно да се насочат иследувањата за да се постави точна дијагноза. Најранлива група за појава на анемија се децата под петгодишна возраст, особено доенчињата и децата до две години. Феродефицитната анемија е најчеста анемија кај доенчињата и децата под две години како последица на зголемени потреби за железо заради интензивниот раст и развој во тој период.

### ТРЕТМАН НА АНЕМИЈА

Третманот на анемијата во детската возраст е различен во зависност од видот на дијагностицираната анемија и може да се состои од:

- *Терапија со железен препарат, витамини и промена на начинот на исхрана при нутритивна анемија;*

- *Третман на основното заболување кое довело до анемија;*

- *Вадење на слезинката (во случај на хемолитична анемија);*

- *Трансфузија на еритроцити ако е неопходно;*

- *Трансплантација на коскена срцевина (во случај на нефункционирање на коскената срцевина)*

# Урбани заедници

**Карпош 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

**Карпош 3**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

**Тафталиџе 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

**Влае 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

**Нерези**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

**Владо Тасевски**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Дрезденска бр. 52

**Кузман Јосифовски Питу**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

**Пецо Божиновски Кочо**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

**Злокуќани**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

**Бардовци**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Витанова Богојеска
071 | 45.52.99
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 30.55.901<br>02 \| 30.55.902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.918 |
| **Сектор за правниработи:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 30.55.939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 30.55.920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 30.68.151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 30.55.931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 30.55.923 |
| **Архива:** | 02 \| 30.55.954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 21.43.54 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

### Поважни телефони

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

### ПТТ услуги

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

### Сообраќај

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

### Дежурни аптеки

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

### Здравствени објекти

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника “Мајчин дом” | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

### Дежурни поликлиники

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |




**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos